Бр: 10-41

Скопје: 30.03.2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на државна помош бр. 08-2242/1 од 10.03.2021 година на Министерството за труд и социјална политика, на седницата одржана на 30.03.2021 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година претставува **шема на помош** согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош.

## I. Програми и мерки за вработување

**1. Поддршка за самовработување (претприемништво)** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, со која се планира доделување на средства во вкупен износ од **591.913.222** денари, при што **538.000.000** денари од буџетот на Министерството за труд и социјална политика кон Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), **15.000.000** денари од буџетот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (АППРСМ), **13.955.547** денари од буџет на УНДП (нереализирани средства од ОП 2020), **3.436.500** денари од буџет на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување (исплата на заостанати обврски од ОП 2020 во 2021 година), **15.990.000** денари од буџетот на Канцеларија на Обединети нации за поддршка на проекти (УНОПС) – исплата на заостанати обврски од ОП 2020 во 2021 година, и **5.531.175** денари од буџетот на Здружението РЕДИ Скопје, наменета за вработување на 1.762 лица вработени во ново-основани правни субјекти, за целта поддршка за невработените да започнат сопствен бизнис, и која мерка ќе се реализира во следните форми:

- финансиска поддршка до **307.500** денари или до **615.000** денари (доколку се основа правен субјект од два содружника) **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

- финансиската поддршка кои правните субјекти основани преку Програтама за самовработување ќе ја добиваат со нивно вклучување во мерката 2.1. Субвенционирање на плати се до исполнување на планираниот опфат на корисници за мерката 2.1, претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како **хоризонтална**

**помош** која се доделува за вработување во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, и истата е **помош за вработување на лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата** согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 03/14) при што **доделувањето на истата е дозволено**. Доделувањето на помошта за вработување во форма на субвенции на плата треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

- финансиската поддршка кои правните субјекти основани преку програмата за самовработуање ќе го добиваат со нивно вклучување во мерката 2.2. Вработување и раст на правни субјекти се до исполнување на планираниот опфат на корисници за мерката 2.2, претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не е државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија,, бр. 141/11).

## 2. Поддршка за креирање на нови работни места

**2.1. Субвенционирање на плати** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, со која се планира доделување на средства во вкупен износ од **189.824.080** денари, при што **179.371.600** денари од буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување и **10.452.480** денари од буџет на АВРМ -IPA II - четврти директен грант, која има за цел поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот[1], и тоа 866 невработени лица евидентирани во АВРСМ (од кои 80 невработени лица - корисиници на гарантирана минимална помош евидентирани во АВРСМ – финансирано преку IPA II - четврти директен грант), при што на микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност, нови претпријатија основани преку Програмата за Самовработување

[1]долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години), млади лица до 29 години, лица постари од 50 години, невработени лица на кои им престанал работниот однос во периодот на коронавирусот COVID-19, повратници од странство поради кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19, лица корисници на гарантирана минимална помош, лица корисници на паричен надоместок по основ на невработеност, лица што имале статус на деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство, лица со попреченост, жени припадници на ромската етничка заедница и на останатите етнички заедници, лица припадници на ромската етничка заедница, лица на кои им е решен статусот со лична документација, самохрани родители, родители на деца со пречки во развојот, родители на 3 и повеќе деца, родители на деца на улица, осудени лица по отпуштање од казнено поправна установа, бездомни лица, лица со незавршено средно или пониско образование.

во 2020 година, невработени лица ќе им се доделува финансиска поддршка во висина од 19.000 денари месечно како субвенција на платата на вработеното лице за следниот период на времетраење на работниот однос:

- од 3 месеци, финансиската поддршка ќе изнесува 57.000 денари, со обврска работодавачот да го задржи лицето во вкупен работен однос од 9 месеци;
- од 6 месеци, финансиската поддршка ќе изнесува 114.000 денари, со обврска работодавачот да го задржи лицето во вкупен работен однос од 18 месеци;
- од 12 месеци, финансиската поддршка ќе изнесува 228.000 денари, со обврска работодавачот да го задржи лицето во вкупен работен однос од 18 месеци (за корисници на гарантирана минимална помош, невработени лица на кои им престанал работниот однос во периодот после 11.03.2020 година поради коронавирусот COVID-19 и Роми) и
- од 12 месеци, финансиската поддршка ќе изнесува 228.000 денари, со обврска работодавачот да го задржи лицето во вкупен работен однос од 30 месеци

претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како **хоризонтална помошкоја се доделува за вработување** во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, и истата е помош за вработување на лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) при што **доделувањето на истата е дозволено**. Доделувањето на помошта за вработување во форма на субвенции на плата треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

**2.2. Вработување и раст на правни субјекти** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **33.972.500** денари од буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување, која има за цел поддршка во креирање нови работни места во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации, за вкупно 226 невработени лица евидентирани во АВРСМ, со предност на млади лица до 29 години, корисници на гарантирана минимална помош, невработени лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на пандемијата ковид 19 (од март 2020 година) и Роми, при што во зависност од возраста и од бројот на одобрени вработувања (кој не може да биде поголем од 5 лица кај еден работодавач) висината на грантот за имплементација на мерката ќе се реализира на следниот начин:

- грантот за вработување на едно лице на возраст над 29 години ќе изнесува 92.000 денари ;
- грантот за вработување на едно лице на возраст до 29 години ќе изнесува 153.750 денари

- грантот за вработување на лица корисници на гарантирана минимална помош и за невработени лица од ромска етничка заедница за вработено едно лице ќе изнесува 200.000 денари и
- грантот за вработување на лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на пандемијата Ковид -19 (од март 2020 година) ќе изнесува 260.000 денари

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не е државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

**2.3.Поддршка за вработување на лица со попреченост** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **289.500.000** денари од буџетот на АВРСМ – Потсметка на Посебниот фонд за инвалидни лица, која има за цел зголемување на вработливоста и можностите за вработување на евидентираните невработени лица со попреченост за вкупно 210 невработени лица евидентирани во АВРСМ, при што висината на финансиските средства ќе се доделува согласно Законот за вработување инвалидни лица („Службен весник на РМ„ бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016 и 99/2018) и Правилникот за критериумите и начинот на доделување неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на лица со попреченост („Службен весник на Република Македонија„ бр. 156/2008 и 163/2015) на следниот начин:

- вработување на лице со попреченост на неопределено време за што се доделуваат 20 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето, односно 40 просечни нето-плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето, доколку станува збор за слепо лице или за лице со попреченост што се движи со помош на инвалидска количка;
- адаптација на работното место за што се доделуваат средства во висина до 100.000 денари;
- набавка на опрема за што се доделуваат средства во висина до 200 просечни нето-плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година, при што основен критериум за висината на доделените средства е бројот на вработени лица со попреченост ;
- работен асистент на лице со попреченост кое е вклучено во работно оспособување на негово барање или на барање на работодавачот ;
- работно оспособување на вработени и невработени лица со попреченост

претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како **хоризонтална помош** која се доделува за вработување во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, и истата е **помош за вработување на инвалидизирани лица** согласно член 29 и член 31 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 03/14) при што **доделувањето на истата е дозволено.** Доделувањето на помошта за вработување на инвалидизирани лица во форма на субвенции на плата и за надоместување на дополнителните трошоци за вработување на инвалидизирани лица треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

## 3. Обуки

**3.1 Обука на работно место за познат работодавач** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **7.604.000** денари, при што **1.220.000** денари ќе се доделуват од буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување (исплата на заостанати обврски од ОП2020 во 2021 година**), 3.024.000** денари од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ)/Проект Образование за вработување во Македонија (E4E@mk) и **3.360.000** денари буџет на АВРСМ од IPA II - четврти, која има за цел стекнување вештини на невработените лица за извршување на работните задачи во согласност со потребите на работодавачот за вкупно 152 невработени лица евидентирани во АВРСМ, при што:

- на лицата кои ќе посетуваат обука ќе им се додели месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката до 3 месеци;
- на работодавачот ќе му биде исплатен еднократен износ од 15.000 денари по обучено лице по завршена обука (услов работодавачот да вработи најмалку 50% од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 3 месеци)

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не претставува државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија,, бр. 141/11).

**3.2(а) Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **6.930.000** денари, при што **3.292.650** денари ќе се доделуват од буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки, кон УНДП и **3.637.350** денари од буџет на УНДП (нереализирани средства од ОП2020), која има за цел обезбедување обука за стручни квалификации според барањата на работодавачите (со обврска работодавачот да вработува најмалку 50% од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 6 месеци) за вкупно 100 невработени лица евидентирани во АВРСМ, при што:

- на лицата кои ќе посетуваат обука ќе им се додели месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување во случај на несреќа на работното место и данок на личен доход за времетраењето на обуката од 2 до 4 месеци и
- спроведувачите на обука ќе добијат надоместок во висина од 30.000 денари за лице на обука

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не претставува државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

**3.2 (б) Стручни обуки според барање на работодавачите** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **5.702.400** денари од Швајцарската Агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП), која има за цел обезбедување обука за стручни квалификациспоред барањата на работодавачите (со обврска работодавачот да вработи најмалку 50% од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 6 месеци), за вкупно 80 невработени лица евидентирани во АВРСМ од ранливите групи[2], при што:

- на лицата кои ќе посетуваат обука за стручни квалификации ќе им биде исплатен месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување во случај на несреќа на работно место и данок на личен доход за времетраењето на обуката од 2 до 4 месеци
- спроведувачите на обука за стручни квалификации ќе добијат надоместок во висина до 30.000 денари за лице на обука

[2] Мерката ги опфаќа следните целни групи: млади лица до 29 години, лица со попреченост, припадници од Ромската заедница и други лица во ризик од социјално исклучување

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не претставува државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

**3.2 (в) On-line обуки за вештини според барања на работодавачите** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **3.240.000** од Швајцарската Агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП), која има за цел да се обезбеди on-line обука за вештини според барањата на работодавачите, за вкупно 100 невработени лица евидентирани во АВРСМ од ранливите групи, при што:

- висината на надоместокот за спроведувачите на обука за on-line вештини ќе зависи од спецификите на обуката т.е. од времетраењето, предвидениот број на часови и модули за обука, и истиот ќе биде во висина до 70% од проценетата пазарна цена но не повеќе од 30.000 денари за лице на обуките побарувани од страна на работодавачите и пазарот на труд, додека кофинансирањето на средствата ќе биде обезбеден од работодавачот

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

**3.3 Обука за побарувани занимања** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **28.950.000** денари, при што **10.200.000** денари ќе се доделуваат од буџетот на АВРСМ- ИПА II четврти директен грант, **10.200.000** од буџетот на АВРСМ-Потсметка на активни програми и мерки за вработување и **8.550.000** денери од Канцеларија на Обединети нации за поддршка на проекти (УНОПС) - исплатена за останатите обврски од ОП2020 во 2021 година), која има за цел преку обука да се задоволат потребите од побарувани занимања, социјални услуги и квалификации што водат до „зелени работни места", е –трговија, за вкупно 400 невработени лица евидентирани во АВРСМ, при што:

- на лицата кои ќе посетуваат обука ќе им се додели месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката и

- спроведувачите на обука ќе добијат надоместок од 24.000 денари по обучено лице

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**3.4. Обуки за возачи за Ц и Д категорија** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **1.935.900** денари, при што **1.850.000** денери од буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување и **85.900** денери од буџет на АВРСМ-Потсметка на активни програми и мерки за вработување (исплата на заостанати обврски од ОП2020 во 2021 година), која има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработени лица преку стекнување вештини согласно побарувањата во сообраќајната струка и искажаните потреби за работна сила во ова стопанска гранка и нивно вработување, за 50 невработени лица од евиденцијата на АВРСМ, **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**4. Обуки за развој на дигитални вештини**

**4.1. Обуки за напредни ИТ вештини** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **36.000.000** денари од буџетот на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување, која има за цел да се надградат вештинитие на невработените млади лица до 34 години во областа на информациските технологи заради зголемување на нивната конкурентност и побрза интеграција на пазарот на трудот, за вкупно 300 невработени млади лица евидентирани во АВРСМ, **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**4.2 Обука за напредни ИТ вештини (со кофинансирање) за нелиценцирани спроведувачи на обуки** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **11.000.000** денари, при што **5.390.000** денари од буџетот на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки за вработување и **5.610.000** денари обезбедени од страна на спроведувачите на обуки, која има за цел да се надградат вештините на невработените млади лица со минимум средно образование во областа на информациските технологи заради зголемување на нивната конкурентност и побрза интеграција на пазарот на трудот, за вкупно 100 невработени млади лица евидентирани во АВРСМ, при што:

- спроведувачите на обука ќе добиваат надоместок во висина до 49% од проценетата пазарна цена за горенаведените видови на обуки, а 51% од средствата ќе бидат покриени од самиот спроведувач на обуката

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**5. Практикантство** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **39.271.000** денари, при што **35.046.000** денари од буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување, **1.665.000** денари од буџетот на АВРСМ-Потсметка активни програми и мерки за вработување (исплатена на заостанати обврски од ОП2020 во 2021 година), **2.187.000** денари од Швајцарската Агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП) и **373.000** денари од буџет на АВРСМ – ИПА II четврти директен грант, која има за цел стекнување практични работни знаења и вештини потребни за извршување работни задачи на одредени работни места, за вкупно 1.413 невработени лица евидентирани во АВРСМ, при што:

- лицата кои ќе се вклучат во практиканство ќе добијат месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход за период до 3 месеци

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**6. Програма за работно ангажирање**

**Јавни работи** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **9.275.200** денари, при што **7.040.000** денари од буџетот на АВРСМ-Потсметки активни програми и мерки за вработување, **1.848.000** денари буџет на општините и **387.200** денари од Швајцарската Агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП), која има за цел вклучување на невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктура и заштита на животна средина на локално ниво, за вкупно 1050 невработени лица од евиденцијата на АВРСМ на кои ќе им се исплаќа по 400 денари по работно ангажирано лице дневно (со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест) **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**7. Економија на грижа**

**7.1 Општинско-корисна работа** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **75.386.250** денари, при што **45.092.250** денари од буџетот на АВРСМ-Потсметка активни програми и мерки, кон УНДП, **24.300.000** денари буџет на општините и **5.994.000** денари од Швајцарската Агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП), која има за цел зголемување на вработливоста преку работно ангажирање на невработени лица, насочени кон

обезбедување на социјални и здравствени услуги на локално ниво, за вкупно 750 невработени лица евидентирани во АВРСМ, при што:

- на лицата кои ќе бидат ангажирани ќе им се додели месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест во период од 6 до 9 месеци за ангажман од 20 работни часа неделно

- 9.000 денари по вклучено невработено лице во обука во времетрање од 3 месеци

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**7.2 Обука и вработување на лица за обезбедување услуги на грижа во заедницата за лица со попреченост и лица со хронична болест во заедницата** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на тругод за 2021 година, во вкупен износ од **57.941.291** денари, при што **46.316.171** денари од буџетот на АВРСМ-Потсметка на активни програми и мерки за вработување, кон УНДП и **11.625.120** денари од Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП), која има за цел поддршка на невработени лица за стекнување стручни квалификации и вештини за обезбедување на услуги на грижа во заедницата и поддршка за нивно вработување во обласга на економијата за грижа, за вкупно 150 невработени лица евидентирани во АВРСМ, при што:

- спроведувачите на обука за стручни вештини и квалификации ќе добијат надоместок во висина од 30.000 денари за лице на обука

- лица што ќе посетуваат обука ќе добијат месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување во случај на несреќа на работно место и данок на личен доход за времетраење на обуката од 3 месеци

- 309 денари по час по краен корисник за повремено ангажирање на стручни лица (социјален и медицисмки работник) за испорака на услугите за долготрајна грижа за болни лица, при што бројот на часови не може да надмине 20% од вкупното време на услугата

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Вработувањето на невработените лица во микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организаци што се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност, на кои ќе им се доделува по:

- 30.780 денари месечно по лице во период од 10 месеци колку што трае испораката на услугата кон крајните корисници

- еднократен износ до 3.500 денари по краен корисник за работодавачот (давателот на услугата) за покривање на оперативните трошоци и трошоци за унапредување

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не претставува државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

**7.3 Поддршка за претприемништво и формирање на правни субјекти даватели на услуги за грижа во заедницата** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **25.926.995**, при што **20.704.115** од буџетот на АВРСМ – Потсметки активни програми и мерки, кон УНДП и **5.222.880** денари од буџетот на Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП), која има за цел поддршка за создавање нови работни места преку отворање на нови деловни субјекти (идни даватели на услуги) кои ќе обезбедуваат услуги на грижа во заедницата, за вкупно 70 невработени лица евидентирани во АВРСМ, и која мерка ќе се реализира во следните форми:

- финансиска поддршка до **307.500** денари или до **615.000** денари (доколку се основа правен субјект од два содружника)
- надоместок до 30.000 денари за лице на обука за спроведувачите на обука за стручни квалификаци
- месечен надоместок за лица кои ќе посетуваат обука во висина од 9.000 денари, со вклучено осигурување во случај на несреќа на работното место и данок на личен доход за времетраење на обуката од 3 месеци

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Финансиската поддршка како субвенција на платата на вработеното лице од целната група за период до 10 месеци во износ од 29.180 денари месечно, при што работодавачот може да му исплати на работникот и повисока плата, претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како **хоризонтална помош** која се доделува за вработување во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, и истата е **помош за вработување на лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата** согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) при што **доделувањето на истата е дозволено**. Доделувањето на помошта за вработување во форма на субвенции на плата треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

**8. Исплата на младински додаток** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во вкупен износ од **100.931.514** денари од буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки, за вкупно 2.500 лица, која има за цел поттикнување на вработување на млади лица до 23 години за вработување во дејностите на производството по завршување на средното образование, со што ќе се допринесе до подобрување на нивниот животен стандард со работа и задоволување на потребите на работодавачите со соодветно квалификувана работна сила, при што висината на финансиската поддршка е 3.000 денари месечно по вработено лице, **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**II Услуги за вработување**

Услуги за вработување содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, кои се планират да се реализират преку следниве категории:

- **помош при барање работа** која опфаќа профилирање и подготовка на Индивидуален план за вработување, советување за вработување, обезбедување информации за состојбите и барањата на пазарот на трудот, односно слободните работни места, како и информации за активните програми и мерки за вработување и услугите што ги обезбедува АВРСМ;

- **мотивациски обуки** која опфаќа организирање еднодневни групни обуки во центрите за вработување, со цел поголема информираност, како и мотивираност за вклучување во активните програми и мерки за вработување;

- **обуки „подготовка за вработување и за работа„** која опфаќа спроведување обуки за млади невработени лица до 29 години според програмата „Подготовка за вработување и за работа" за следните модули: воведен модул, личен развој, вештини за барање работа, комуникациски вештини, соодветно однесување на работното место, тимска работа и лидерство, безбедност, права и обврски на работа и финансиски вештини;

- **професионална ориентација и кариерно советување** која опфаќа активности за информирање, групно и индивидуално кариерно советување и др., при што невработените лица можат да бидат вклучени во повеќе активности во рамките на услугата, во согласност со нивните интереси и потреби;

- **активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување** во вкупен износ од **7.042.002** денари од буџетот на Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП) за 1.500 лица, насочена кон сите невработени Роми и други

лица во ризик од социјално исклучување, при што невработените лица ќе имаат пристап до тимот на ментори, кои ќе бидат ангажирани во локалните заедници

- **посредување при вработување** која опфаќа советување и помош на работодавачите преку пребарување кандидати за слободни работни места од евиденцијата на невработени лица на АВРСМ, спроведување на предселекција, упатување на невработените лица кај работодавачите на интервју за вработување и др;

- **услуги за работодавачи** која опфаќа информирање, советување и обезбедување можности за користење на услугите и активните програми и мерки за вработување и други можности за вработување на невработени лица што се достапни преку АВРСМ, користење на електронските услуги на АВРСМ, информации и совети од областа на трудовото законодавство, учество во заеднички настани како што се форумите за работодавачи и др.;

- **анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот** во вкупен износ од **180.000** денари од буџетот на АВРМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување, со ангажирање на 20 невработени лица, која опфаќа анкетирање на работодавачите од приватниот сектор за да се обезбедат информации за нивните потреби од нови вработувања во период од 6 до 12 месеци и

- **Сим-советување и мотивација за корисници на гарантирана минимална помош** која опфаќа советување, поддршка и мотивација, но и следење на корисникот на гарантирана минимална помош низ процесот на активација

**не претставуват државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

**Гаранција за млади (ГМ)** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, која има за цел да им обезбеди на младите лица (15-29) во период од четири месеци по евидентирање во евиденцијата за невработени лица понуда за вработување, континуирано образование и обука односно вклучување во некоја од активните програми и мерки за вработување, при што планираниот опфат на лица на целата територија на државата е околу 10.000 млади лица, **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата односно од ваквата активност поволност ќе имаат невработените лица.

**Активација на корисници на гарантирана минимална помош (ГМП)** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година која има за цел активација на 1200 корисници на гарантирана

минимална помош во активни програми и мерки за вработување заради подобрување на нивната вработливост и вработување, при што истите се обврзани континуирано да учествуваат на обуки како и прифаќање на понуда за вработување, сето ова заради подобрување на нивните вештини и да станат поконкурентни на пазарот на трудот, **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што за реализација на ваквите активности не се планирани финансиски средства.

**Професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лица со попреченост** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, која има за цел на лицата со попреченост да им нуди индивидуализирана поддршка заради нивно целосно вклучување на отворен пазар на труд, во вкупен износ од **7.791.732** денари од буџетот на Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП), за 90 лица **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што за реализација на ваквите активности не се планирани финансиски средства.

**Се задолжува** Министерството за труд и социјална политика и другите државни органи надлежни за имплементирање на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година да водат сметка истиот корисник на државна помош за иста намена да не добива државна помош од два различни извори поради фактот што таквата помош не е дозволена.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/2010), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Во врска со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, Министерство за труд и социјална политика со допис бр. 08-2242/1 од 10.03.2021 година (Наш бр. 10-41 од 11.03.2021 година) достави до КЗК Известување за планирано доделување на помош врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година.

КЗК оцени дека поднесеното известување од страна на Министерство за труд и социјална политика ги содржи сите податоци потребни за оцена на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 142/11).

Со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат создавање на нови работни места, поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисниците на право на парична помош од социјална заштита (гарантирана минимална помош), како и поддршка на невработените лица на кои престанокот од работен однос е регистриран во периодот на кризата предизвикана поради Коронавирусот COVID 19 (од 11.03.2020 година).

Според КЗК Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година претставува **шема на помош** односно правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ.

При испитување на доставениот Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, КЗК освен што утврди кои од програмите, мерките и услугите за вработување претставуваат државна помош заради фактот што ги исполнуваат четирите кумулативни услови, исто така ги анализираше и условите и критериумите кои треба да се исполнуваат за реализирање на секоја програма и мерка која претставува државна помош.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства ;
- да биде селективна ;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

КЗК ги анализираше програмите, мерките и услугите за вработување содржани во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година од аспект на тоа дали истите ги исполнуваат горенаведените четирите кумулативни критериуми. При ваквата анализа КЗК утврди дека:

**1.Програми и мерки за вработување - Поддршка за самовработување (претприемништво)** не претставува државна помош во делот на износот од 307.500 денари или до 615.000 денари (доколку се основа правен субјект од два содружника)

заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, со оваа мерка се помагаат индивидуалните лица и со тоа не се нарушува конкуренцијата на пазарот.

КЗК освен што утврди дека делот од горенаведената програма за основање и започнување на бизнис во износ од 615.000 денари не претставува државна помош, исто така утврди дека финансиската поддршка која правните субјекти основани преку Програмата за самовработување ќе ја добиваат со нивно вклучување во мерката 2.1. Субвенционирање на плати се до исполнување на планираниот опфат на корисници за оваа мерка, претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како хоризонтална помош која се доделува за вработување во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, и истата е помош за вработување на лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) при што доделувањето на истата е дозволено. Доделувањето на помошта за вработување во форма на субвенции на плата треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

Понатаму, финансиската поддршка која правните субјекти основани преку Програмата за самовработување ќе ја добиваат со нивно вклучување во мерката 2.2. Вработување и раст на правни субјекти се до исполнување на планираниот опфат на корисници за оваа мерка, претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не е државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

Во делот на услови и критериуми за реализација на програмата Поддршка за самовработување се наведува дека како корисници можат да се јавуват невработени лица, невработени млади лица до 29 години, невработени лица со попреченост, невработени жени од ранливи категори и маргинализирани лица, невработени лица кои сакат да го формализират својот бизнис, невработени лица роми, невработени лица поради корона вирус. Корисници на програмата можат да бидат исто така и невработените лица кои имаат завршено обука за претприемништво и/или изработено бизнис план во 2020 година.

Во случај заинтересирани две лица заеднички да основат претпријатие (како содружници), двете невработени лица треба заеднички да ги поминат сите чекори на имплементација (изјава за учество, развивање на заедничка бизнис идеја и заеднички бизнис план). Правниот субјект основан од два содружника, во регистарот на трговски друштва се регистрира како ДОО - Друштво со ограничена одговорност од две лица, при што секој од содружниците ќе има еднаков (50%) удел во друштвото.

Доколку правниот субјект во рок од 2 години од регистрација на правниот субјект престане со својата дејност или на корисникот на грантот му престане работниот однос по кој било основ (освен во случај на неспособност за работа или смрт) во рок од 2 години од засновање на работниот однос основачот/корисникот на грант е должен да врати:

- 80% од грантот, доколку престанокот е во првата година од регистрацијата на правниот субјект; или
- 60% од грантот, доколку престанокот е во втората година од регистрацијата на правниот субјект.

Основачот/корисникот на грантот кој ќе престане да ја врши дејноста, не може да се врати на евиденцијата на невработени лица во рок од 3 години од денот на засновањето на работниот однос. Правниот субјект кој вработува дополнително лице во рамките на оваа програма е должен да го вработи лицето со полно работно време и задржи во работен однос најмалку 12 месеци доколку се работи за лице на возраст до 29 години, односно 9 месеци доколку се работи за лице на возраст над 29 години. Доколку за времетраење на периодот на предвидената обврска, прекине работниот однос на дополнително вработените лица, освен ако причините за престанокот на работниот однос е смрт или неспособност за работа, работодавачот има обврска да вработи друго невработено лице евидентирано во АВРСМ или да врати средства во износ сразмерен со нереализираната обврска за намалениот број на вработени. Правниот субјект/корисник кој е поддржан согласно со оваа програма е должен да ги исполни законските обврски за исплата на плата и придонеси за сите 24 месеци од денот на засновање на работниот однос, во спротивно е должен да ги врати исплатените/искористените средства во целост. Доколку на корисникот и основач на фирмата му престане работниот однос пред истекот на 2 години од датумот на вработувањето, а заради друго вработување, на негово место треба веднаш да вработи друго лице од евиденцијата на невработените лица во АВРСМ, на кое вработувањето треба да му биде најмалку до истекот на времетраење на договорот. Во спротивно е должен да ги врати исплатените средства. За реализација на горенаведеното, правниот субјект – корисник треба да поднесе Барање, по кое одлучува Комисијата за селекција на учесници во активни мерки за вработување.

Лицата кои добиле грант во изминатиот период немаат право за учество во програмата.

Со оваа Програма нема да се поддржи основање на бизниси во следните дејности:

1. Земјоделска дејност, односно дејност од Сектор А/А, Оддел 01 – Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив, со исклучок на органско земјоделско производство;

2. Бизниси во дејност од класа 49.32 - Такси служба;

3. Производство и дистрибуција на оружје, односно дејност од класа 25.40 – Производство на оружје и муниција;

4. Финансиски и осигурителни бизниси и активности кои вклучуваат игри на среќа, односно дејност од Сектор К/И – Финансиски дејности и дејности на осигурување.

По исклучок од точка 1 и 2, невработените лица со попреченост, корисниците на гарантирана минимална помош, лица кои загубиле работно место поради Ковид-19 (од месец март 2020) и невработените лица Роми ќе можат да регистрираат правен субјект во земјоделска дејност и такси служба.

**2. Поддршка за креирање нови работни места - Субвенционирање на плати** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, претставува државна помош заради фактот што истата ги исполнува условите:

Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделени од Буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување и преку IPA – II четврти директен грант,

Селективноста на мерката се гледа во фактот што таквата помош е достапна само за претпријатијата кои ќе ги исполнат условите и критериумите на оваа програма т.е. микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност, нови претпријатија основани преку Програмата за самовработување во 2020 година. Селективноста според КЗК се гледа и во делот на критериуми за работодавачи и тоа:

- вкупниот број на работници на неопределено време на денот на аплицирање и пред реализацијата на поддршката, не треба да биде понизок од просечниот број на вработени лица1 на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос поради отказ од работникот, остварување на право на пензија, смрт, или неспособност за работа;

- ги има подмирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;

- да нема финансиска загуба во претходната година освен ако загубата е направена поради капитални инвестици од страна на правниот субјект

- работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации што во моментот на аплицирање немаат вработено лице.

- лицата на кои работниот однос (на определено или неопределено време);

- им престанал една година пред вработување во активната мерка, истите нема да бидат поддржувани со повторни вработувања кај истиот работодавач, со исклучок на граѓанските организации. Бројот на ново-вработени лица што

работодавачот може да ги добие преку програмата за поддршка за вработување не може да биде поголем од 50% од просечниот број на вработени во претходната календарска година, при што максималниот број не може да биде поголем од 5 лица кај еден работодавач освен при вработување на корисници на гарантирана минимална помош каде максималниот број на вработени лица со ова мерка не е ограничен. Работодавач што има едно вработено лице, граѓанските организации што немаат ниту едно вработено лице и кај правните субјекти регистрирани по 01.07.2020 година, максималниот број на поддржани вработувања изнесува едно лице.

Мерката поволност за примателот се гледа во фактот што се фаворизират одредени претпријатија или производство на одредени добра, но само на тие претпријатија кои ги исполнуваат условите и критериумите наведени во програмата.

Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата затоа што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на ваков тип на претпријатија.

Во делот на условите и критериумите за реализација на оваа програма се предвидува: вкупната финансиска поддршка за едно лице за период од 3 месеци да изнесува 57.000 денари; за 6 месеци да изнесува 114.000 денари; додека за 12 месеци да изнесува 228.000 денари. Работодавачот што вработува невработено лице е должен да го задржи лицето во вкупен работен однос од:

- 9 месеци, ако користи 3 месеци субвенционирање
- 18 месеци, ако користи 6 месеци субвенционирање
- 18 месеци, ако користи 12 месеци субвенционирање (за корисници на гарантирана минимална помош, невработени лица на кои им престанал работниот однос во периодот после 11.03.2020 година порадо коронавирусот ковид-19 и Роми) и
- 30 месеци, ако користи 12 месеци субвенционирање

Доколку на работникот за кој е исплатена субвенција, му престане работниот однос во било кој период (периодот на субвенција и дополнителниот период за кој е должен да го задржи работникот во работен однос), освен во случај на смрт, пензија и неспособност за работа, работодавачот е должен во рок од 15 дена на негово место да вработи друго невработено лице- активен барател на работа што припаѓа на било која категорија во рамките на целните групи опфатени со оваа мерка освен за корисници на гарантирана минимална помош каде замената мора да биде од истата целна група. Во спротивно е должен да врати сразмерен износ од исплатените средства (износот на субвенција по лице поделен со вкупниот број на месеци).

Работодавачот е должен за целиот период (периодот на субвенција и дополнителниот период за кој е должен да го задржи работникот во работен однос) да не го намали вкупниот број на вработените на неопределено време (кој го имал на денот на аплицирање вклучително и бројот на лицата вработени преку оваа мерка),

освен во случај на престанок на работниот однос поради смрт, пензија или неспособност за работа, во спротивно е должен во рок од 15 дена да вработи друго невработено лицесо цел надополнување на бројот, во спротивно е должен да врати сразмерен износ од исплатените средства (износот на субвенција по лице поделен со вкупниот број на месеци.

Мерката 2.1 Субвенционирање на плати според КЗК е хоризонтална помош која се доделува за вработување и истата е помош за вработување на лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) при што доделувањето на истата е дозволено. Доделувањето на помошта за вработување во форма на субвенции на плата треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

**2.2 Вработување и раст на правни субјекти** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, претставува државна помош заради фактот што истата ги исполнува условите:

Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделени од Буџетот на АВРСМ – Потсметка активни програми и мерки за вработување.

Селективноста на мерката се гледа во фактот што таквата помош е достапна само за претпријатијата кои ќе ги исполнат условите и критериумите на оваа програма т.е. микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации заинтересирани за отворање нови работни места, нови претпријатија основани преку Програмата за самовработување во 2020 година. Селективноста според КЗК се гледа и во делот на критериуми за работодавачи и тоа:

- вкупниот број на работници на неопределено време на денот на аплицирање и пред реализацијата на поддршката, не треба да биде понизок од просечниот број на вработени лица на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос (поради отказ на работникот), остварување на право на пензија, смрт или неспособност за работа;
- на денот на аплицирање ги има подмирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;
- да нема финансиска загуба во претходната година освен ако загубата е направена поради капитални инвестиции од страна на правниот субјект ;

- работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации што во моментот на аплицирање можат да немаат вработено лице ;

- бројот на ново вработени лица не може да биде поголем од 50% од просечниот број на вработени лица на неопределено време во претходната календарска година, при што максималниот број неможе да биде поголем од 5 лица кај еден работодавач. Работодавач кој има едно вработено лице,граѓанските организации и кај правните субјекти регистрирани по 01.07.2020 година што немаат ниту едно вработено лице, максималниот број на поддржани вработувања изнесува едно лице.

Мерката поволност за примателот се гледа во фактот што се фаворизираат одредени претпријатија или производство на одредени добра.

Таквата помош иако претставува економска предност за ваков вид претпријатија, сепак истата не може да ја наруши конкуренцијата бидејќи износот на помошта е мал (de minimis).

Во делот на условите и критериумите за реализација на оваа програма се предвидува работодавачот кој вработува невработено лице во рамките на оваа програма е должен да го вработи лицето со полно работно време и да го задржи во работен однос најмалку 12 месеци доколку станува збор за лице на возраст до 29 години, односно 9 месеци доколку станува збор за лице на возраст над 29 години, сметано од денот на засновање на работниот однос. Доколку лицето за кое е обезбедено финансиска поддршка му престане работниот однос по било кој основ, освен во случај на смрт, пензионирање или неспособност за работа, работодавачот е должен во рок од 30 дена на негово место да вработи друго евидентирано невработено лице, во спротивно е должен да го врати износот на средствата сразмерно со преостанатото време до истекот на рокот.

Работодавачот е должен целиот период на предвидената обврска да не го намали вкупниот број на вработените на неопределено време (кој го имал на денот на аплицирање), освен во случај на смрт, пензија или неспособност за работа, во спротивно е должен во рок од 15 дена да вработи друго невработено лице - со цел надополнување на бројот, во спротивно е должен да врати сразмерен износ од исплатените средства (износот на субвенција по лице поделен со вкупниот број на месеци.

**2.3 Поддршка за вработување на лица со попреченост** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, претставува државна помош заради фактот што истата ги исполнува условите:

Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделени од Буџетот на АВРСМ – Потсметка на Посебниот фонд за инвалидни лица.

Селективноста на мерката се гледа во фактот што таквата помош е достапна само за претпријатијата кои ќе ги исполнат условите и критериумите на оваа програма т.е лица со попреченост кои самостојно вршат дејност како трговец поединец, работодавач или има својство на работодавач, трговски друштва за вработување на лица со попреченост – заштитни друштва, државна администрација, единиците на локалната самоуправа и Град Скопје, јавните претпријатија, агенции, фондови и други државни институции.

Мерката поволност за примателот се гледа во фактот што се фаворизират одредени претпријатија или производство на одредени добра, но само на тие претпријатија кои ги исполнуваат условите и критериумите наведени во програмата.

Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата затоа што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на ваков тип на претпријатија.

Во делот на условите и критериумите за реализација на оваа програма се предвидува:

- при вработување на лице со попреченост, корисникот на средствата е должен да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место во зависност од работното место, видот и степенот на образованието и видот и степенот на попреченост на лицето со попреченост што се вработува.
- корисникот на средства од Посебниот фонд не смее да го намали вкупниот број на вработени лица со попреченост за чие вработување се користени неповратни средства (во рок од 3 години од денот на вработувањето на лицето со попреченост за кое се искористени средства по основ на вработување, освен ако престанокот е по сила на закон или во случај на смрт, или 3 години од денот на доделувањето средства за набавка на опрема).
- корисникот на средства е должен на вработените лица со попреченост редовно да им исплаќа плата во согласност со закон, колективен договор и договорот за вработување и
- лицата со попреченост треба да работат на соодветно работно место во согласност со наодот

Со оглед на тоа дека со Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на РМ„ бр. 44/00, 16/04, 62/05, 113/05, 29/07, 88/08, 161/08, 99/09 и 136/11) во член 7 е утврдено дека помошта која се доделува е најмногу во висина на придонесите на основица од две нето просечни плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец, КЗК утврди дека Законот за вработување на инвалидни лица е во согласност со член 29, 30 и 31 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош и оцени дека доделувањето на оваа државна помош е хоризонтална помош за вработување на инвалидизирани лица и истата е дозволена бидејќи не надминува 75% од оправданите трошоци.

Мерката Поддршка за вработување на лица со попреченост според КЗК е хоризонтална помош која се доделува за вработување на инвалидизирани лица согласно член 29 и член 31 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 03/14) при што доделувањето на истата е дозволено. Доделувањето на помошта за вработување на

инвалидизирани лица во форма на субвенции на плата и за надоместување на дополнителните трошоци за вработување на инвалидизирани лица треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

**3.1 Обука на работното место за познат работодавач** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, претставува државна помош од мало значење, односно не претставува државна помош во смисла на член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Таквата мерка опфаќа трансфер на државни сресва заради фактот што средствата се доделени од буџетот на АВРСМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување и ИПА II четврти и Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Образование за вработување во Македонија

Селективноста на мерката се гледа во фактот што таквата помош е достапна само за претпријатијата кои ќе ги исполнат условите и критериумите на оваа програма. Според КЗК селективноста исто така може да се види во наведените услови и критериуми при селекција на работодавачите, а кои се:

- работодавачот треба да има вработено најмалку едно лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации и работодавачи кои ќе вклучат во обука жени од ромската етничка заедница;
- на денот на аплицирање ги имаат подмирено сите обврски врз основа на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;
- да нема финансиска загуба во претходната година и
- бројот на лица вклучени во обука не може да биде поголем од 50% од вкупниот број на вработени лица на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации и работодавачи кои ќе вклучат жени од ромската етничка заедница.

Таквата помош иако претставува економска предност за ваков вид претпријатија, сепак истата не може да ја наруши конкуренцијата бидејќи износот на помошта е мал (de minimis).

Во делот на условите и критериумите за реализација на оваа програма се предвидува лица што ќе посетуваат обука ќе добијат месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионален болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката до 3 месеци. На работодавачот ќе му биде исплатен еднократен износ во износ од 15.000 денари по обучено лице по завршена обука. Работодавачот е должен да ја спроведе програмата за обука, во согласност со претходно утврден план за неа како и да назначи ментор за лицата на обука.

Работодавачот има обврска да ја спроведе програмата за обука во согласност со претходно утврден план за неа и да назначи ментор за лицата за обука. Работодавачот има обврска да вработи најмалку 50% од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 3 месеци. Доколку работодавачот не

заснова работен однос со најмалку 50% од вклучените лица кои успешно ја завршиле обуката или доколку на истите по засновање на работниот однос во период од 3 месеци им престане работниот однос, освен во случај на смрт, пензионирање или неспособност за работа, должен е да вработи друго невработено лице од лицата кои успешно ја завршиле обуката или друго евидентирано невработено лице.

Работодавачот има обврска да не го намали вкупниот бројот на вработени лица на неопределено време за времетраење на обуката и во период за кој работодавачот има обврска да го задржи лицето на работа (6 месеци). Во спротивно е должен да го врати целиот исплатен износ.

**3.2(а) Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, претставува државна помош од мало значење, односно не претставува државна помош во смисла на член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Таквата мерка опфаќа трансфер на државни сревства заради фактот што средствата се доделени од буџетот на АВРСМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување, кон УНДП и буџет на УНДП (нереализирани средства од ОП-2020 година)

Селективноста на мерката се гледа во фактот што таквата помош е достапна само за претпријатијата кои ќе ги исполнат условите и критериумите на оваа програма.

Таквата помош иако претставува економска предност за ваков вид претпријатија, сепак истата не може да ја наруши конкуренцијата бидејќи износот на помошта е мал (de minimis).

Во делот на условите и критериумите за реализација на оваа програма работодавачот треба да обезбедува простории/ капацитети, опрема за реализација на обуката, како и да:

- утврди минимални критериуми за селекција на невработени лица;
- активно учествува во реализацијата наобуката;
- доколку е во можност го дополнува/ ко-финансира месечниот надоместок на лицата упатени наобука, што соодветно се рефлектира и во четири партитниот договор;
- по завршувањето на обуката, во рок од 3 дена работодавачот има обврска да вработи најмалку 50% од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 6 месеци. Доколку работодавачот не заснова работен однос со најмалку 50% од вклучените лица кои успешно ја завршиле обуката, должен е да ги врати средствата во вкупен износ до 30.000 денари по обучено невработено лице за лицата кои не ги вработил, а кои се утврдени со четирипартитниот договор, освен во случај кога некое од обучените невработени лица одбиле вработување и

- доколку на работникот му престане работниот однос пред истекот на 6 месеци, работодавачот е должен во рок од 30 дена да вработи друго невработено лице од лицата кои успешно ја завршиле обуката или друго евидентирано невработенолице. Во спротивно е должен средствата искористени за обука во износ до 30.000 денари за лице да ги врати во сразмерен износ.

Лица што ќе посетуваат обука ќе добијат месечен надоместок во висина од 9.000 денари со вклучено осигурување во случај на несреќа на работно место и данок на личен доход за времетраењето на обуката од 2 до 4 месеци додека спроведувачите на обука ќе добијат надоместок во висина до 30.000 денари за лице на обука.

**3.2 (б) Стручни обуки според барање на работодавачите** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година претставува државна помош од мало значење, односно не претставува државна помош во смисла на член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Таквата мерка иако опфаќа трансфер на средства од Швајцарската агенција за развој и за соработка (СДЦ)/Проект Креирање можности за работа за сите (УНДП) сепак таквите средства пред нивно доделување стануваат дел од буџетот на државата, а потоа истите се распределуваат за реализација на мерката.

Селективноста на мерката се гледа во фактот што таквата помош е достапна само за претпријатијата кои ќе ги исполнат условите и критериумите на оваа програма.

Таквата помош иако претставува економска предност за ваков вид претпријатија, сепак истата не може да ја наруши конкуренцијата бидејќи износот на помошта е мал (de minimis).

Во делот на условите и критериумите за реализација на оваа програма работодавачот има обврска:

- утврди минимални критериуми за селекција на невработени лица;
- активно учествува во реализацијата на обуката;
- работодавачот кој сам ја реализира обуката назначува ментор за практичниот дел од обуката
- доколку е во можност работодавачот го дополнува/ ко-финансира месечниот надоместок на лицата упатени на обука, што соодветно се рефлектира и во четири партитниот договор
- по завршувањето на обуката, во рок од 3 дена, работодавачот има обврска да вработи најмалку 50% од лицата вклучени во обуката со полно работно време во траење од најмалку 6 месеци. Доколку работодавачот не заснова работен однос со најмалку 50% од вклучените лица кои успешно ја завршиле обуката, должен е да ги врати средствата во вкупен износ до 30.000 денари по обучено невработено лице, освен во случај кога некое од обучените невработени лица одбиле вработување;

- доколку на работникот му престане работниот однос пред истекот на 6 месеци, работодавачот е должен во рок од 30 дена да вработи друго невработено лице од лицата кои успешно ја завршиле обуката или друго евидентирано невработено лице, во спротивно е должен средствата искористени за обука во износ до 30.000 денари за лице да ги врати во сразмерен износ.

На лицата што ќе посетуваат обука за стручни квалификации, ќе им се биде исплатен месечен надоместок во висина од 9.000 денари од буџетот на мерката со вклучено осигурување во случај на несреќа на работно место иданок на личен доход за времетраењето на обуката од 2 до 4 месеци. Спроведувачите на обука за стручни квалификации ќе добијат надоместок во висина од 30.000 денари за лице на обука.

**3.2(в) Online обуки за вештини според барање на работодавачите,** потоа мерката **3.3 Обуки за побарувани занимања** како и **3.4. Обуки за возачи за Ц и Д категорија** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година **не претставуваат државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истите нема односно не може да имат влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од овие мерки корист ќе имаат физички лица (невработените лица и спроведувачите на обука) и со нив не може да дојде до нарушување на конкуренцијата, бидејќи на обучуваните лица не им се гарантира нивно вработување т.е. работодавачите немаат обврска за нивно вработување после завршувањето на обуката.

**4.1. Обуки за напредни ИТ вештини**, како и **4.2. Обуки за напредни ИТ вештини (со кофинансирање) за нелиценцирани спроведувачи на обуки** содржани во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година **не претставуват државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истите нема односно не може да имат влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од овие мерки корист ќе имаат физички лица (невработените лица и спроведувачите на обука) и со нив не може да дојде до нарушување на конкуренцијата.

**5. Практиканство** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од ова мерка корист ќе имаат физички лица (невработените лица) и со нив не може да дојде до нарушување на конкуренцијата, бидејќи на обучуваните лица не им се гарантира нивно вработување т.е. работодавачите немаат обврска за нивно вработување после завршувањето на практиканството. При завршувањето на учеството во мерката, невработените лица имаат можност за искористување на други програми и мерки од овој Оперативен план.

**6. Програма за работно ангажирање - Јавни работи** содржани во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, **не претставуват државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, бидејќи истата претставува мерка од општ карактер и која не ја нарушува, ниту може да ја нарушува конкуренцијата преку

- работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации што во моментот на аплицирање немаат вработено лице.

**7.3 Поддршка за претприемништво и формирање на правни субјекти даватели на услиги за грижа во заедницата** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, во делот на финансиска поддршка до **307.500** денари или до **615.000** денари (доколку се основа правен субјект од два содружника) како и за:

- надоместок до 30.000 денари за лице на обука за спроведувачите на обука за стручни квалификаци
- месечен надоместок за лица кои ќе посетуваат обука во висина од 9.000 денари, со вклучено осигурување во случај на несреќа на работното место и данок на личен доход за времетраење на обуката од 3 месеци

**не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Финансиската поддршка како субвенција на платата на вработеното лице од целната група за период до 10 месеци во износ од 29.180 денари месечно, при што работодавачот може да му исплати на работникот и повисока плата, претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како **хоризонтална помош** која се доделува за вработување во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, и истата е **помош за вработување на лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата** согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14) при што **доделувањето на истата е дозволено**. Доделувањето на помошта за вработување во форма на субвенции на плата треба да се врши во согласност со глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

Во делот на обврските за невработените лица основачи на правен субјект е предвидено:

Доколку правниот субјект во рок од 12 месеци од регистрација на правниот субјект престане со својата дејност или на корисникот на грантот му престане работниот однос по кој било основ (освен во случај на неспособност за работа или смрт) во рок од 12 месеци од засновање на работниот однос основачот/корисникот на грант е должен да врати 50% од грантот. Основачот/корисникот на грантот кој ќе престане да ја врши дејноста, не може да се врати на евиденцијата на невработени лица во рок од 3 години од денот на засновањето на работниот однос. Правниот субјект кој вработува дополнително лице (давател на услуга) во рамките на оваа мерка е должен да го вработи лицето со полно работно време и задржи во работен однос најмалку 12 месеци. Доколку за времетраење на периодот на предвидената обврска, прекине работниот однос на дополнително вработените лица, освен ако причините за престанокот на работниот однос е смрт или неспособност за работа, работодавачот

има обврска да вработи друго невработено лице евидентирано во АВРСМ или да врати средства добиени по основ субвенционирање на плати во износ сразмерен со нереализираната обврска за намалениот број на вработени. Правниот субјект/корисник кој е поддржан согласно со оваа мерка е должен да ги исполни законските обврски за исплата на плата и придонеси за сите 12 месеци од денот на засновање на работниот однос, во спротивно е должен да ги врати исплатените/искористените средства во целост.

8. **Исплата на младински додаток** содржана во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено од ова мерка корист ќе имаат физички лица.

**II. Услуги за вработување (помош при барање работа, мотивациски обуки, обуки „подготовка за вработување и за работа„ , професионална ориентација и кариерно советување, активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување, посредување при вработување, услуги за работодавачи, анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот, Сим-советување и мотивација за корисници на гарантирана минимална помош)** кои ги обезбедува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со своите центри за вработување кон невработените лица и работодавачите според КЗК **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош бидејќи истата претставува мерка од општ карактер и не ја нарушува, ниту може да ја наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Ваквите услуги за вработување според КЗК се во насока на поедноставување на административните процедури и олеснувања на севкупното спроведување на програмите содржани во Оперативниот план, додека дел од финансиските средства предвидени за имплементирање на услугите за вработување се во насока на промоција на услугите и програмите заради подобро информирање на работодавачите и невработените лица. Имено, од ваквите услуги и активности обезбедени од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија според КЗК корист ќе имаат физички лица и со тоа не може да дојде до нарушување на конкуренцијата.

**Гаранција за млади (ГМ)**, **Активација на корисници на гарантирана минимална помош (ГМП)** како и **Професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лица со попреченост** содржани во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година не претставуват државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што за реализација на ваквите активности во рамките на ГМ поволност ќе имаат невработените лица, а со тоа истата не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Во известувањето за планирано доделување на државна помош доставено од страна на Министерството за труд и социјална политика е наведено дека вкупниот износ на средствата кои ќе се доделуват преку шемата е 1.516.010.152 денари или 24.570.000 евра.

Во известувањето исто така е наведено дека како нови мерки кои се дел од овој Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година се: 3.2(в) Online обуки за вештини според барање на работодавачите, 7.2 Обука и вработување на лица за обезбедување услуги на грижа во заедницата за лица со попреченост и лица со хронична болест во заедницата и 7.3 Поддршка за претприемништво и формирање на правни субјекти, даватели на услуги за грижа во заедницата.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**